CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

61(062)(048.3)

КОНГРЕС на студенти по општа медицина (3 ; 2024 ; Штип)
Книга на апстракти [Електронски извор] / Трет конгрес на студенти по Општа медицина, 17-18 Мај, 2024, Штип ; [уредник  Сара Николова]. - Текст во ПДФ формат, содржи 87 стр., илустр. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за медицински науки, 2024

Начин на пристапување (URL): https://js.ugd.edu.mk/index.php/ISMS. - Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 17.06.2024 год.

ISBN 978-608-277-053-6

а) Медицина -- Собири – Апстракти

COBISS.MK-ID 63931909

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ

# Книга на АПСТРАКТИ

Трет конгрес на студенти по
Општа медицина
17-18 Мај 2024

**Рецензент:**
проф. д-р Антонио Глигориевски

**Лектор:**
д-р Марија Соколова

**Техничко уредување:**
Филип Постолов

**Уредник:**
Сара Николова

**Година и место на издавање:**
Штип, Р.С. Македонија, 2024г

Издавач:
**Универзитет „Гоце Делчев“-Штип**

05

# Апстракти-Постер презентации

*Audaces fortuna juvat.*

*Среќата ги прати храбрите.*

# Подигање на свеста за семејното насилство

Ј.Конеска[1], Р.Крстеска[1,2]
[1]Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип;
[2]ПЗУ Центар за семејно здравје Хелио Медика 2; Скопје;

**Вовед:** Семејното насилство претставува сериозен општествен проблем зошто секоја втора жена е жртва на психолошко насилство, а секоја петта жена се соочува со одредена форма на физичко насилство.

**Цел:** Преку приказ на случај на жена која трпела семејно насилство во бракот сакаме да ја подигнеме свеста кај младите за важноста на рано препознавање на насилство.

**Приказ на случај:** Жена на 59 годишна возраст, 2 деца, вработена и разведена.Се омажила на 24 години и во првите три години семејните релации биле добри. Сопругот после смртта на својот татко почнал да пие, особено последните 4 години, постојано се расправале, бил љубоморен и во повеќе пати во напиена состојба знаел да ја удри.Еден ден во напиена состојба ја навредувал, со боксови ја удирал по цело тело и ја давел. Викала за помош, притрчале комшии, била повикана полиција и била однесена во Ургентен центар.

**Резултати:** Евидентно жената со години трпела семејно насилство, се чувствувала понижена, трпела заради децата, но немала и каде да оди. Никогаш не пријавила насилство. После настанот испитаничката живеела со страв, имала кошмари, и се навраќале мисли како ја удира, била нервозна, нерасположена. Случајот зазема судски епилог со условна осуда доколку обвинетиот за време од две години не стори ново кривично дело.

**Заклучок:** Приказот на случај укажува на потребата за подигање на свесноста за семејното насилство, навремено пријавување и преземање на соодветна заштита и помош на жртвите од сите институции во општеството.

***Клучни зборови: семејно насилство, свесност, алкохолизам***